SYMPOSION

# ПОКАНА

## ЗА УЧЕСТВО НА
## ТРИДНЕВЕН СТРУЧЕН СЕМИНАР

## „ЗАВРШНА СМЕТКА – ОТЧЕТ И ТРАНСПАРЕНТНО ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА СИТЕ ФИНАНСИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ ТРАНСАКЦИИ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ“

**(4–7 ФЕВРУАРИ ВО ЗЛАТИБОР, СРБИЈА)**

## ВО ФОКУСОТ НА ТРИДНЕВНИОТ СЕМИНАР

Со завршувањето на деловната година започнува обврската на одговорниот сметководител за подготвување на финансиските извештаи кои се составен дел на ЗАВРШНАТА/ГОДИШНА СМЕТКА. Основа на оваа подготовка претставуваат деловните книги во кои редовно се евидентираат сите финансиски и сметководствени трансакции спроведени во текот на деловната година.

Завршната/Годишната сметка се изготвува согласно со сметководствените принципи и начела кои се пропишани со законската регулатива, односно со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување. Во пресрет на ваквата даденост, семинарот им дава ретка можност на сите финансиски работници и одговорни сметководители ги стекнат и разменат сите информации поврзани со измените во законската регулатива. Преку предвидената интерактивна дискусија ќе се решаваат сите прашања и дилеми кои се составен дел на секојдневната практика.

Работната агенда на семинарот ќе стави посебен акцент на клучните проблеми и прашања кои произлегуваат од предметната тема: начинот на усогласување на фактичката со сметководствената состојба на движните и недвижните ствари, принципите и начелата во признавање на приходите кај двата сметководствена система, законските ограничувања во делот на расходите, проценување на движните ствари, евидентирање на залихите на материјали, даночниот систем и даночниот третман на буџетските корисници и општините од аспект на данокот на добивка и данокот на додадена вредност.

**ВРЕМЕ И МЕСТО** на реализација: тридневната програма ќе се реализира во **ЗЛАТИБОР,** СРБИЈА, во периодот **од 4 до 7 ФЕВРУАРИ 2024** ГОДИНА.

Во продолжение, покрај деталите за начинот на пријавување учество и заинтересираните поединци и групи, претставена е целосната **РАБОТНА АГЕНДА** и останатите важни информации за тридневниот семинар.

Детално разработената **ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО**, пак, која ги опфаќа сите аспекти на аранжманот и местата на посета во Златибор, ќе биде доставена до заинтересираните учесници кои ќе испратат **БАРАЊЕ** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

SYMPOSION

## Заинтересирани учесници

Главните засегнати лица и групи кои имаат директен интерес за учество во овој семинар се сите финансиски работници и сметководители одговорни за подготвување на Завршната/Годишната сметка. Нивното учество во работната програма е директно насочено кон повишување на компетенциите и знаењата во областа на завршната сметка, покажани врз практични примери и поткрепени со реални искуства и упатства.

## Начин за пријава на учество

Со оглед на ограниченоста на сместувачките капацитети и заради навремено оформување група за семинарот, Симпозион ќе им даде предност на првопријавените учесници. За пријавите испратени **до 29 декември** 2023 г. е предвиден **попуст од 10%** на целиот аранжман и на котизацијата за учество.

Котизацијата за учество изнесува 8.500,00 денари. Според тоа, за пријавите испратени до 29 декември, цената за котизација **со попуст** изнесува **7.650,00 денари**.

Котизацијата вклучува**:** полно учество во работните сесии на тридневниот семинар, користење на конференциска сала, кафе-паузи, сертификат за учество, работен материјал од семинарот, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Заради квалитетот на семинарот и комфорот на неговите работни услови, бројот на учесници е ограничен. Пријавувањето за учество на семинарот е отворено најдоцна **до 26 јануари** 2024 г. и подразбира пополнување и испраќање на **пријавниот лист** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со семинарот, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

**Подолу е достапна целосната работна агенда на тридневниот семинар, а наведени се и информациите за уплата на котизацијата и аранжманот.*

# АГЕНДА

## „ЗАВРШНА СМЕТКА – ОТЧЕТ И ТРАНСПАРЕНТНО ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА СИТЕ ФИНАНСИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ ТРАНСАКЦИИ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ“

### ТРИДНЕВЕН СТРУЧЕН СЕМИНАР

### Прв ден

***Понеделник, 5 февруари***

**15.00–16.30** Усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските – основа за презентирање веродостојни и точни податоци во финансиските извештаи

- Примена на сметководствените правила и начела;
- Споредување на сметководствената и фактичката состојба;
- Разлики констатирани со пописот;
- Изготвување извештај за извршениот попис на средствата и обврските и давање предлози за начинот на постапување;
- Донесување акт за усвојување на извештајот за извршениот попис и мерки/насоки за начинот на постапување;
- Спроведување на констатираните разлики во сметководствената евиденција/деловните книги;
- Практични примери за усогласување на сметководствена и фактичка состојба;
- Можни недоследности при спроведувањето на активностите за вршење попис на средствата и нивните извори.

**16.30–17.00** Кафе пауза

**17.00–17.30** Пресметка на амортизација и ревалоризација

- Основица за пресметка;
- Пропишани стапки;
- Период на започнување на пресметка;
- Ослободување од пресметка на амортизација и ревалоризација;
- Пресметка на амортизација кај трговските друштва и кај јавните претпријатија;
- Обрасци за пресметка на ревалоризацијата.

**17.30–17.50** Корекција на сметководствени грешки пред изготвувањето на финансиски извештаи

- Начин на коригирање на сметководствени грешки;
- Законски основ за спроведување на корекции.

**17.50–18.30** Признавање на расходите согласно со одобрениот буџет, Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2023 година и Одлуките за извршување на буџетите на ЕЛС за 2023 година

- Право на исплата на надоместоци;
- Користење на средства за репрезентација (заклучоци донесени од надлежни органи);
- Право на користење на сопствено возило;
- Патни и дневни трошоци.

## Втор ден

***Вторник, 6 февруари***

**15.00–15.45** Проценување на билансни позиции

- Сметководствени принципи и начела за постојани средства;
- Примена на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во делот:
  - Набавка;
  - Продажба;
  - Размена;
  - Давање под закуп.

**15.45–16.30** Вреднување, мерење и сметководствено евидентирање на залихи

- Воспоставување на материјална евиденција;
- Примена методи за проценување на залихи.

**16.30–17.00** Отпис на побарувања и евидентирање на обврски

- Попис на побарувања и обврски,
- Даночен третман на отпишани побарувања.

**17.00–17.30** Кафе пауза

**17.30–18.30** Данок на добивка

- Утврдување на даночната основица;
- Пополнување на даночниот биланс од буџетските корисници;
- Непризнаени расходи за даночни цели.

**18.30–19.00** Измени во даночниот систем

- **Измена на Законот за данок на добивка:**
  - Трошоци за платени премии за осигурување;
  - Донирани финансиски средства во спортски објекти;
  - Даночно ослободување.

SYMPOSION

- **Измена на Законот за данок на додадена вредност:**
  - Нови видови промет на добра;
  - Вредносни ваучери;
  - Измена во повластената стапка;
  - Враќање данок.

## ПРЕДАВАЧ

За да ја пресретнеме потребата од стручно и квалитетно одговарање на тематските предизвици што ги поставува агендата, го ангажиравме експретот **Бранислав Гулев**, овластен државен ревизор и овластен сметководител со многугодишно искуство во областа на финансиите, ревизијата и сметководството. Повеќе од 20 години Гулев е едукатор во наведените области, автор на стручни текстови и на прирачници за буџетски корисници, општини и јавни претпријатија.

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПЛАТА

**Информации за уплата на котизација за семинарот**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр: 076 30 62 62

**Пријава за учество**:

**ПРИЈАВЕН ЛИСТ** – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **26 ЈАНУАРИ 2024** г.)